превземено од *w w w . p r a v o . o r g . m k*

# ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ПРОЕКТОТ РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ПРЕСТРУКТУИРАЊЕ НА НАВОДНУВАЊЕТО

**Сл. Весник на Р.Македонија бр. 58/97 од 17.11.1997 година**

**Член 1**

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој со заем во износ од 13,5 милиони германски марки, за реализација на Проектот рехабилитација и преструктуирање на наводнувањето.

**Член 2**

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 на овој закон се утврдуваат со договорот кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој.

**Член 3**

Рокот за отплата на заемот од член 1 на овој закон е 20 години со грејс период од пет години. Заемот ќе се отплатува во полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 јуни и 15 декември секоја година, почнувајќи од 15 јуни 2003 година.

Каматата ќе биде шестмесечен ЛИБОР плус 0,5 %.

На неповлечените средства од заемот се плаќа провизија од 0,75% годишно.

Каматата и другите провизии ќе се плаќаат полугодишно на 15 јуни и 15 декември секоја година.

**Член 4**

Република Македонија заемот од член 1 од овој закон ќе го отплаќа со средства од Буџетот на Република Македонија.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.